Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 08-352/1
Скопје, 01-02-2022 година

ДО
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
**За Насуф Демири (Службеник за млади)**

ПРЕДМЕТ:**Извештај за работата на службеникот за млади назначен во Министерството за правда**

Почитуван г-дин Демири,

Согласно член 23 став 2 од законот за Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/2020) Службениците за млади изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб- страните на органите на државната управа, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Согласно горенаведеното, Ви го доставуваме следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

**за работата на службеникот за млади назначен во Министерството за правда**

Врз основа на член 23 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/2020) и Заклучокот од Владата на РСМ донесен на 23.03.2021 година, министерот за правда м-р Бојан Маричиќ на ден 23.04.2021 година донесе решение со кое во рамките на Министерството за правда како службеник за млади е назначена Ирена Шекуткоска Јанакиевска, соработник за претставки и предлози, сектор правосудство.

Назначувањето на службеникот за млади и неговите контакт податоци се објавени на веб-страната и facebook профилот на Министерството за правда.

Во рамките на своите активности службеникот за млади во неколку наврати оствари средба со повеќе младински организации, учествуваше на обуки и прибираше податоци и информации неопходни за понатамошно успешно спроведување на работните задачи и тоа:

ISO 9001

**1.Одржан on-line состанок со Џуниор Ачивмент Македонија, среда 27ми октомври во 11:00-12:00 часот.**

Џуниор Ачивмент Македонија е дел од светската организација https://www.jaworldwide.org/ и се залага за партнерства со училиштата, владини институции и невладини организации, како и активна вклученост на бизнис заедницата. Преку врвни обуки, натпревари и бизнис предизвици ги воведуваат учениците во светот на претприемничко образование, ги јакнат нивните вештини за работење со финансии и им овозможуваат вештини и компетенции барани за пазарот на труд.
Улогата на службениците за млади како контакт лица одговорни за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата е многу значајна за поддршката на младите во земјава. Преку запознавање и дружење со Џуниор Ачивмент Македонија за службениците за млади се отвора можност за :

- директен пристап до младите и нивните потреби,
- учество на настани,
- пристап до датабаза на училишта, наставници и ученици,
- дисеминација на информации, а кои би сакале да бидат споделени со младите како дел од младинските политики,
- пристап до истражувања за младите, а преку нивното членство во Европа и директен пристап до најновите трендови и истражувања за потребите кај младите во Европа,
- заедничко планирање, следење на активностите поврзани со млади,
- учество на панел дискусии, каде би го изнеле ставот и работењето како службеник за млади.

**2.Учество на "Обука за градење капацитети на службениците за млади за младинско учество и младински политики" – Велес, одржана на 29 и 30 ноември 2021 година организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

Фокусот на оваа обука беше зголемување на знаењето за младинското учество и младинските политики на локално, национално и европско ниво, актуелните младински трендови и предизвици, ефективна комуникација со младите и младинскиот граѓански сектор и улогата на службениците за млади во спроведувањето на младинските политики. Дополнително, обуката послужи како

ISO 9001

можност за иницирање идна соработка и вмрежување помеѓу службениците за млади од институциииите и Агенцијата за млади и спорт.

**3.На 21 декември 2021 година, преку онлајн настан, беше промовирана "Почетната Студија за младински трендови во РСМ" во рамките на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", финансиран од Европската унија. Проектот е спроведуван од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА како главен имплементатор заедно со партнерите СОС Детско Село Северна Македонија, Волонтерски Центар и Асоцијација Женски Форум Тетово.**

На настанот учествуваа голем број на претставници на граѓански организации, меѓународни институции, институции, службеници за млади како и локални младински совети, кои беа запознати со клучните наоди од истражувањето во однос на перцепциите на младите и граѓанските организации за темите: квалитет на живот, образование, младинска политика, младинско учество и безбедност и беа презентирани следните истражувања:

- Почетна студија за младински трендови за потребите на проектот
- Компаративна проценка на модели на младинско учество на меѓународно ниво
- Студии на случај за родови стереотипи во Скопскиот и Полошкиот регион

Целта на настанот беше да се презентира актуелната состојба на младите луѓе во однос на нивниот квалитет на живот, можностите за младинско учество како и нивните перцепции за квалитетот на политиките за млади, врз основа на истражување спроведено на национално ниво, во текот на април – август 2021 година. Исто така, на настанот беа презентирани и добри практики на младинско учество на меѓународно ниво, утврдени преку компаративна анализа.

**4.На 17-ти декември од 12.00 до 14.00 часот во просториите на Europe House, Скопје Република Северна Македонија беше одржана тркалезна маса "Зошто" и "како" треба да соработуваат службениците за млади и организациите за млади.**

Тркалезната маса беше организирана од страна на Тимот на младински сојуз, како почеток на една плодна соработка помеѓу Тимот на младински сојуз, како организација за млади и службениците за млади како претставници на младите во државните институции.

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

- Креирана база на податоци со меиловите од формите на младинско организирање (младински организации, организации за млади и национални чадор организации) кои може да послужат во секојдневната комуникација, информирање за соодветни програми/активности Министерството за правда, во користење на експертиза и организирање на заеднички активности.

- Креирана база со сите публикации за млади достапни на македонски јазик во рамки на Совет на Европа.

- Следење на активностите на Министерството за правда кои ги опфаќаат лицата на возраст од 15 до 29 години (категорија млади), со цел подготовка и преземање на активности за младинско учество при креирањето на политиките кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Никола Тупанчески

Подготвила:Ирена Шекуткоска Јанакиевска, соработник
Одобрила:Николина Микеска, раководител на сектор

ISO 9001